ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 27 – 152/9**

**Дата: 07.12.2012**

**ДО**
**ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА**
**ЗАВОД ЗА ФИЗИКАЛНА МЕДИЦИНА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА СКОПЈЕ**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Завод за физикална медицина и рехабилитација (во натамошниот текст–Заводот) на фондовска сметка за 2011 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Заводот за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Изразено е мислење без резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и во однос на усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2011 година.

Заводот подолго време се соочува со проблемот на недостиг на кадар неопходен за непречено извршување на дејноста. Доставени се повеќе барања до Министерството за здравство за пополнување на испразнетите работни места, но не е добиен одговор. Во отсуство на кадар ревизијата констатира дека не постои соодветно разграничување на должностите и одговорностите во извршување на работните задачи во процесот на финансиското работење што создава ризик трансакциите евидентирани во деловните книги на Заводот да не се точни, целосни и навремени.

Согласно Законот за здравствено осигурување, Фондот за здравствено осигурување (во понатамошниот текст- Фондот) се јавува како купувач на здравствени услуги од здравствените установи согласно склучениот договор. Фактот што фактурираниот износ до Фондот, од една страна и одобрените средства согласно предвидениот Буџет од другата страна, не се совпаѓаат, упатува на заклучок дека не станува збор за вистинско купување на

извршените здравствени услуги. Во услови кога не постои усогласување помеѓу фактурирањето за извршените здравствени услуги и реализацијата, односно наплатата на истите, се поставува прашањето за ваквата поставеност на субјектите во овој процес. За 2011 година Заводот има извршено здравствени услуги на товар на Фондот во вкупен износ од 76,509 илјади денари, од кои отпишани се 9,502 илјади денари.

Министерството за здравство врши распределба на средствата на јавните здравствени установи по Програми[1] и надзор на спроведување на истите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмите.

Во отсуство на пишани критериуми и утврдена постапка за распределба на финансиските средства по програми, истите се одобруваат во вкупен износ на ниво на сите јавни здравствени установи.

Поради ова не постои транспарентност во распределбата на средствата на поединечните јавни здравствени установи како и сообразување на преземените активности и одобрените средства по програми поради што наплатата на побарувањата по наведените основи од Министерството за здравство не може да се изврши во целост.

Во текот на 2011 година Министерството воопшто нема префрлено средства за фактурираните здравствени услуги по Програми за здравствена заштита. Салдото на ненаплатени побарувања од Министерството за здравство за тековната година и претходните периоди по овој основ изнесува 1,851 илјади денари,

Заводот функционира во објект изграден во 1963 година и од тогаш освен редовното одржување, не е извршено реновирање на истиот. Менаџерскиот тим години наназад доставува до Министерството за здравство Предлог инвестициони програми, во кои го истакнува ризикот за безбедно функционирање на установата и ургентната потреба за санација и реконструкција на целиот објект. Иако Министерството за здравство во текот на 2009 година има усвоено Проект за комплетна реконструкција на објектот која е планирано да се одвива во неколку фази, реализацијата на истиот не е започната до денот на ревизијата.

Од страна на одговорното лице не се добиени забелешки на Нацрт извештајот во законски пропишаниот рок.

[1] Програми за здравствена заштита, со кои се утврдуваат мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување како и финансиски средства за остварување на ниво на програма и тоа за осигурени и неосигурени лица

## 1. Вовед

**1.1.** Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани од страна 11 до 13 заедно со ревизија на усогласеност на Заводот на фондовската сметка кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

**1.2.** Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

**1.3.** Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Заводот за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

**1.4.** Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Заводот застапувана од:

- Нада Тагасовска, в.д. директор

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Заводот се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки на добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.4. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 03.09.2012 до 05.10.2012 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Заводот за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Заводот на ден 10.10.2012 година.

Од страна на одговорното лице не се добиени забелешки на Нацрт извештајот во законски пропишаниот рок.

### 4.1. Интерни контроли

4.1.1. Со увид во актот за систематизација и организација и пополнетоста на истиот, ревизијата констатира дека Заводот подолго време се соочува со проблемот на недостиг на административен, медицински и технички персонал, неопходен за непречено извршување на дејноста. Во изминатите години доставени се повеќе барања до Министерството за здравство за пополнување на испразнетите работни места но не е добиен

одговор. Барањата се однесуваат на работни места кои се испразнети по природен пат (пензија, смрт и др.) а за истите се веќе обезбедени средства. Во барањата е нагласена и старосната структура на персоналот со напомена дека дел од нив во наредните години треба да заминат во пензија.

Во отсуство на кадар ревизијата констатира дека не постои соодветно разграничување на должностите и одговорностите во извршување на работните задачи во процесот на финансиското работење. Исто така, не постојат пишани процедури за финансиските процеси односно, финансиското работење како и распределбата на одговорностите и авторизацијата се врши врз основа на востановената пракса. Непостоењето на кадар и пишани процедури создава ризик трансакциите евидентирани во деловните книги на Заводот да не се точни, целосни и навремени, како што е пропишано со член 7 став 2 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

**Препорака**

Одговорното лице да преземе активности во делот на изготвување на пишани процедури за финансиските процеси.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Во Заводот се вработени инвалидизирани лица како физиотерапевти - масери во Одделот за амбулантно - терапевтско лекување. Согласно одредбите од член 128 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, на осигурениците со телесно оштетување од најмалку 70% кои се во работен однос со полно работно време, им се пресметува стаж на осигурување со зголемено траење и тоа за секои 12 месеци ефективно поминати во работен однос, 15 месеци стаж на осигурување.

Заводот не постапува согласно горенаведениот член од Законот. Имено, со увид во персоналните досиеја констатирано е дека од сметката на Заводот во 2006 година еднократно се повлечени средства за придонеси за стаж на осигурување со зголемено траење за одреден период, врз основа на донесено Решение од Фондот по барање на лицето. Иако, Фондот донел вакво решение, одговорните лица во Заводот не продолжиле со пресметување и исплата на придонеси согласно Законот, на лицето ниту пак на останатите вработени инвалидизирани лица. На овој начин не е обезбедена посебна заштита на осигурениците – тешки

инвалиди на кои заради здравствената состојба или телесното оштетување е отежната нормалната активност на организмот.

**Препорака**

Одговорното лице да ги преземе потребните активности за пресметување и исплата на стаж на осигурување со зголемено траење на вработените со телесно оштетување од најмалку 70 %.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Заводот на ден 31.12.2011 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони прописи**

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

**6.1.** Законот за здравствена заштита ги третира здравствените установи како посебни правни субјекти кои средствата за работа, помеѓу другите извори ги стекнуваат и од Фондот, а за здравствени услуги дефинирани со договор според утврдените цени на здравствените услуги или според извршени програми за одделни видови на здравствена заштита[2].

Согласно одредбите од член 68-а од Законот за здравствена заштита, Фондот како купувач на здравствени услуги склучил договор со Заводот во кој се регулирани прашањата за начинот на фактурирање на извршените услуги и начинот на плаќање на истите. Имајќи го предвид износот во склучениот договор кој претставува ограничување на средствата кои се очекуваат да се добијат од Фондот и износот на вкупната реализација искажана во фактурите и во месечните извештаи, ревизијата констатира дека не се работи за вистинско купување на извршените здравствени услуги. Во услови

[2] *Член 129 став 1 и член 131 од Законот за здравствена заштита*

кога не постои релација помеѓу фактурирањето и реализацијата, се поставува прашањето за ваквата поставеност на субјектите во овој процес.

За 2011 година Заводот има извршено здравствени услуги на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија во вкупен износ од 76, 509 илјади денари од кои отпишани се 9,502 илјади денари.

**6.2.** Владата на Република Македонија согласно Законот за здравствена заштита донесува и објавува Програми за здравствена заштита со кои се утврдуваат мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување како и финансиски средства за остварување на ниво на програма и тоа за осигурени и неосигурени лица. Министерството за здравство извршило распределба на средствата на јавните здравствени установи по Програми и надзор на спроведување на истите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата, во обем на одобрените средства од Буџетот на Република Македонија за тековната година.

Во отсуство на пишани критериуми и утврдена постапка за распределба на финансиските средства по програми, истите се одобруваат во вкупен износ на ниво на сите јавни здравствени установи.

Ваквата состојба не овозможува:

- транспарентна распределба на средствата на поединечните јавни здравствени установи;
- сообразување на преземените активности и одобрените средства по програми поради што наплатата на побарувањата по наведените основи од Министерството за здравство не може да се изврши во целост;
- остварување на целите по програми.

На ден 31.12.2011 година Заводот има ненаплатени побарувања од Министерството за здравство за извршени здравствени услуги по Програми за здравствена заштита во износ од 1,851 илјади денари. Ревизијата констатира дека Министерството за здравство воопшто нема префрлено средства по овој основ во текот на 2011 година.

## 7. Нагласување на прашања на неизвесност

7.1. Согласно меѓународните стандарди за ревизија се додава пасус за нагласување на прашање кое влијае на финансиската состојба, но истиот нема влијание на ревизорското мислење.

Објектот во кој функционира Заводот е изграден во 1963 година и од тогаш освен редовното одржување, не е извршено никакво реновирање на истиот. Менаџерскиот тим години наназад доставува до Министерството за здравство Предлог инвестициони програми, во кои го истакнува ризикот за безбедно функционирање на установата и ургентната потреба за санација и реконструкција на целиот објект, заради фактот што просториите не ги задоволуваат минималните стандарди за непречено одвивање на дејноста на Заводот. Иако Министерството во текот на 2009 година има усвоено Проект за комплетна реконструкција на објектот која е планирано да се одвива во неколку фази, реализацијата на истиот не е започната до денот на ревизијата.

Од друга страна, средствата кои се добиваат од Фондот се недоволни дотолку повеќе што за здравствените услуги за болничката здравствена заштита, поради неможноста да се примени, е напуштен системот на кодирање на услугите по ДСГ и е вратен стариот начин на фактурирање по Ценовникот на здравствените услуги од 1992 год, каде се предвидени многу пониски цени на услугите.

Во текот на 2012 година изготвени се нови пакети за овој вид услуги кои не ја надоместуваат реалната цена на услугата.

Добиените средства од Фондот исто така, немаат развојна компонента поради тоа што трошоците за амортизација на постојаните средства не се вкалкулирани во референтните цени иако со Методологијата за утврдување на референтни цени на здравствени услуги амортизацијата е предвидена како калкулативен елемент.

Ревизијата констатира дека во циркуларниот преглед од Фондот доставен до сите јавни здравствени установи во кој се бараат предлози за нови и измена на постојните референтни цени на здравствени услуги заради соодветно вреднување на сите здравствени услуги, не се вклучени и трошоците за амортизација за постојаните средства, спротивно на Методологијата .

7.2. Согласно Статутот, на болните сместени заради лекување, Заводот им обезбедува стандардна болничка исхрана. Од извршените интервјуа со одговорните лица, ревизијата се информира дека потребните количини намирници за приготвување храна на годишно ниво се формираат врз основа на бројот на пациентите и историски податоци, а менијата за различни категории болни лица се подготвуваат врз основа на долгогодишно искуство, формирано врз основа на стари стандарди. На ниво на Република Македонија се уште не се

преземени активности за изготвување на нови нормативи и стандарди за болничка исхрана. Со увид во законската регулатива, ревизијата констатира дека иако исхраната на болните е во надлежност на здравствените установи, не е предвидено изготвување на нормативи ниту од страна на установите ниту од страна на надлежното министерство.

Имајќи ја предвид важноста и специфичноста на болничката исхрана во зависност од здравствената состојба на корисниците на болничките услуги, во различни болнички установи, како и новите научни сознанија за исхраната во медицината, ревизијата укажува на неопходноста од изготвување на нормативи и стандарди за болничка исхрана на ниво на здравствената дејност во Републиката како и на потребата од постојано следење на најновите текови и ажурирање на нормативите.

**ЈЗУ Завод за физикална медицина и рехабилитација Скопје**
**фондовска сметка**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2011** | **2010** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 65,170 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **65,170** | **0** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 47,976 | 0 |
| Стоки и услуги | 14,929 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **62,905** | **0** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 2,265 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **2,265** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **65,170** | **0** |

**ЈЗУ Завод за физикална медицина и рехабилитација Скопје**
**фондовска сметка**
БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2011** | **2010** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 329 | 0 |
| Залихи | 1,287 | 1,258 |
| **Вкупно тековни средства** | **1,616** | **1,258** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 22,456 | 22,456 |
| Материјални средства | 86,774 | 79,283 |
| **Вкупно постојани средства** | **109,230** | **101,739** |
| **Други средства** | 0 | 367 |
| **Вкупна актива** | **110,846** | **103,364** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 329 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **329** | **0** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 110,517 | 103,364 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **110,517** | **103,364** |
| **Вкупна пасива** | **110,846** | **103,364** |

**ЈЗУ Завод за физикална медицина и рехабилитација Скопје**
**фондовска сметка**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2011 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2011 година** | **102,106** | **1,258** | **103,364** |
| **Зголемување по основ на:** | **9,811** | **5,472** | **15,283** |
| Набавки | 2,238 | 5,472 | **7,710** |
| Набавени средства од сопствена сметка | 594 | | **594** |
| Ревалоризација на капитални средства | 6,979 | | **6,979** |
| **Намалување по основ на:** | **2,687** | **5,443** | **8,130** |
| Корективни книжења | 367 | | **367** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 480 | | **480** |
| Амортизација | 1,840 | | **1,840** |
| Потрошок на материјали | | 5,443 | **5,443** |
| **Состојба 31.12.2011 година** | **109,230** | **1,287** | **110,517** |